# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ПРИЛЕП

| | | |
|---|---|---|
| Службен гласник на Општина Прилеп – Излегува по потреба | 14 Мај 2020 година<br>Службен гласник број 7<br>Овој примерок чини 50 ден.<br>Годишна претплата 2.000 ден. | Жиро с-ка при Комерцијална банка – Филијала Прилеп<br>300020000208779<br>ЕДБ 4021996117695 |

***Адреса: „Прилепски бранители " бр.1, тел.416-454, www.prilep.gov.mk, емаил:prilep@prilep.gov.mk***


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003, 4/2005 и 11/2008) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНА НА РАСПОРЕДОТ НА СРЕДСТВА НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ПРИЛЕП ЗА 2020 ГОДИНА**

1. Одлуката за измена на распоредот на средства на Буџетот на Општина Прилеп за 2020 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08-1196/1
14.05.2020 година
П р и л е п

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Илија Јованоски

Врз основа на член 36,став 1, точка 2 од Законот за локална самоуправа Сл. весник на РМ бр.05/2002 и член 28, став 1 од Законот за финансирасе на единиците на локалната самоуправа Сл. весник бр.61/2004; 67/2004;96/2004; 156/2009; 47/2011; 192/2015; 209/2018 и 2244/2019 година, Советот на Општина Прилеп на 43 седница одржана на 14.05.2020 година донесе:

# О Д Л У К А

**за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Прилеп**

**за 2020 година**

**Член 1**

Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Прилеп за 2020 година на следниот начин :

| Потпрограма<br>Потставка | БУГЕТ | САМОФИН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|
| | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **A00 СОВЕТ НА ОПшТИНА** | | | | | |
| 461130 Субвенции за јавни комунални претпријатија | 2.500.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 464990 Други трансфери | -1.816.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **E00 ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА** | | | | | |
| 404110 Надомест за годишен одмор | -1.575.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 420110 Патување во земјата - хранарина (дневница) | -650.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 420140 Патување во земјата - споредни расходи | -50.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 420210 Патување во странство - хранарина (дневница) | -50.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 421110 Електрична енергија | -1.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 423990 Други материјали | -200.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 425310 Правни услуги | -100.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 425970 Консултантски услуги | -200.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 426210 Расходи за репрезентација | -900.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 426410 Објавување на огласи | -500.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **J30 ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ** | | | | | |
| 421110 Електрична енергија | -1.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **J50 ЈАВЕН ЛОКАЛЕН ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ** | | | | | |
| 461130 Субвенции за јавни комунални претпријатија | 5.500.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **J60 ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА, УЛИЦ** | | | | | |
| 424390 Одржување на други градби | -2.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **J70 ОДРЖУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО** | | | | | |
| 461130 Субвенции за јавни комунални претпријатија | 9.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **J80 ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ** | | | | | |
| 424390 Одржување на други градби | -2.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **JK0 ЈАВНА ЧИСТОТА (КАПИТАЛНИ РАСХОДИ)** | | | | | |
| 489190 Капитални субвенции за други јавни нефинансиск | -4.734.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **K40 КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ И ТВОРЕШТВО** | | | | | |
| 423910 Други материјали за специјална намена | -600.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 425990 Други договорни услуги | -300.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 426210 Расходи за репрезентација | -800.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 464990 Други трансфери | -2.800.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **LA0 СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА (КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ)** | | | | | |
| 482930 Реконструкција на други објекти | 6.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **R10 ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРИРОДА** | | | | | |
| 464990 Други трансфери | -1.525.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **W00 ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА** | | | | | |
| 421110 Електрична енергија | -200.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на Општината и станува составен дел на Буџетот за 2020 година.

Бр. 08-1194/2
14.05.2020

Претседател на Советот на
Општината
Миле Талевски

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003, 4/2005 и 11/2008) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА ДОНАЦИЈА НА ПРОТИВПОЖАРНО ВОЗИЛО И ПРИДРУЖНА ОПРЕМА НА ОПШТИНА ПРИЛЕП И ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ТЕРИТОРИЈАЛНА ПРОТИВПОЖАРНА ЕДИНИЦА ПРИЛЕП**

1.Одлуката за прифаќање на донација на противпожарно возило и придружна опрема на Општина Прилеп и давање на трајно користење на Територијална противпожарна единица Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08-1196/2
14.05.2020 година
П р и л е п

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Илија Јованоски

Врз основа на член 36, став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02), а во врска со член 6 став 2 и 3 од Законот за финансирање на единиците за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 61/04,96/04, 67/07,156/09 и 47/11) и член 26 став 1 точка 33 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003 и 4/2005 и 11/2008), Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на ден 14.05.2020 година донесе:

**О Д Л У К А**

за прифаќање на донација на противпожарно возило и придружна опрема на Општина Прилеп и давање на трајно користење на Територијална противпожарна единица Прилеп

**член 1**

Со оваа одлука, Општина Прилеп ја прифаќа донацијата на противпожарно возило и придружна опрема од Витаминка АД Прилеп во соработка со Фире Аид Интернационал (FireAid International) и во партнерство со Операција Флориан од Велика Британија. Донираното возило е марка DENNIS - (произведено во Англија, со прва регистрација на 07.06.2002), регистрано под регистарски број HJ02XHZ, со број на шасија/рамка SFD253L532GS80666 со капацитет од 8300 CC, со придружна опрема која се состои од: 3 должини на витла на Барабан, млазница за витло, рачка за намотување на витла, рефлектор со лампа, троделна АС скала-13.5 метри долга, 9 метарска скала со двојно извлекување, скала кукачка, црева за вшмукување, преносна пумпа, клучеви за поврзување на црева за вшмукување, капачка за пумпа, собирна глава на пумпа, цедалка, противпожарни црева, кратко противпожарно црево, делови за црева во зелена кутија, AWG млазници, млазници и прскалки, турбоџет млазница, 2 X РТЦ сет (клан лукас растегнувач, клан лукас секач, рам, макара, ЦЛ 0013 потпора за рам, секач за педала, генератор), кутија со синџири и куки, тајфун противпожарен вентилатор за вентилација со позитивен притисок, сетови на дишни апарати, контролна табла за дишни апарати, контролна табла за влез при употреба на дишни апарати, сет со контролер и два воздушни стабилизатори со црева за поврзување, носилка за спасување, преносни светла, продолжни кабли, жолти – триподи, црн – трипод, светилки Вулф, комплет противпожарни метли, противпожарни метли и рачки, противпожарна вила, токмак, трака за обезбедување на зона со опасност во кутии, сива кутија со ракавици и трака, кутија со алат, лична заштитна опрема (шлемови, чизми, туники и панталони), појаси за спасување, трака за обезбедување на зона со опасност..

Донираното противпожарно возило и придружна опрема се даваат на трајно користење на Територијална противпожарна единица Прилеп.

**член 2**

Донацијата од член 1 на оваа Одлука ќе се прими, реализира и даде на трајно користење согласно закон.

**член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Прилеп".

| | |
|---|---|
| Број 09-1194/3 | ПРЕТСЕДАТЕЛ |
| 14.05.2020 година | на Совет на Општина Прилеп |
| П р и л е п | м-р Миле Талевски |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003, 4/2005 и 11/2008) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ЧЕТВРТ 3, БЛОК 3.13, ОПШТИНА ПРИЛЕП ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2019-2024 ГОДИНА**

1.Одлуката за донесување на деталeн урбанистички план за четврт 3, блок 3.13, Општина Прилеп плански период 2019-2024 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

| | |
|---|---|
| Број 08-1196/3 | ГРАДОНАЧАЛНИК |
| 14.05.2020 година | на Општина Прилеп |
| П р и л е п | Илија Јованоски |

Врз основа на член 39, став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, планирање (Сл.Весник на РМ бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16,163/16,64/18 и 168/18), член 22 став 1, точка 1 и член 36 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ 5/02) и член 14, став 1, точка 1 и член 26 од Статутот на општина Прилеп (Службен гласник на општина Прилеп 6/03), Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на ден 14.05.2020 донесе:

**О Д Л У К А**

за донесување на **ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ЧЕТВРТ 3,БЛОК 3.13, ОПШТИНА ПРИЛЕП плански период 2019-2024** година

член 1

Се донесува Детален Урбанистички план за четврт 3,блок 3.13 КО Прилеп, Општина Прилеп, плански период 2018-2023,изработен од Јавно претпријатие за просторни и урбанистички планови (ЈП за ПУП)-Прилеп со технички број 045/18 од јануари 2020година , како што е означено во графичките прилози кои се составен дел на оваа Одлука, ( во натамошниот текст: Планот).

Планскиот опфат се наоѓа на надморска височина во интервал од 650,89 до 654,65м. Според состојбата на терен предметниот плански опфат се наоѓа во централното градско подрачје на град Прилеп. Планскиот опфат кој е предмет на изработка на деталниот урбанистички план е дефиниран со следните граници:

- Југоисточната граница почнува од накрсната точка на осовините на собирните улици, булевар “Гоце Делчев” со ознака С1 и сервисната улица "Кузман Јосифоски" со ознака Ср10 и оди кон североисток по осовината на булевар “Гоце Делчев” до нејзината вкрсна точка со собирната улица "Прилепски бранители" со ознака С11 во должина од 300м', потоа врти во северозападен правец по осовината на собирната улица "Прилепски бранители", се до вкрсната точка со осовината на сервисната улица "Архиепископ Доситеј" во должина од 233м', потоа врти кон југоосток по осовината на сервисната улица "Архиепископ Доситеј", се до вкрсната точка со сервисната улица "Кузман Јосифоски" во должина од 370м', потоа врти во југоисточен правец по осовината на улица "Кузман Јосифоски" во должина од 285м', се до накрсната точка со собирната улица, булевар “Гоце Делчев ”, која е и почетна точка на границата на опфатот формирајќи затворен полигон со површината на планскиот опфат од 71 889,09м2, односно 7,19ха.

член 2

Планот од член 1 на оваа Одлука ги содржи следните прилози:

- Програма за изработка на урбанистички планови на територијата на општина Прилеп за 2018 година, донесена од Советот на општината, бр. 09-1667/14 од 04.05.2018 година.
- Програма за изработка на урбанистички планови на територијата на општина Прилеп за 2019 година, донесена од Советот на општината, бр. 09-531/25 од 07.02.2019 година.
- Програма за изработка на урбанистички планови на територијата на општина Прилеп за 2020 година, донесена од Советот на општината, бр. 09-316/9 од 27.01.2020 година.
- Решение за формирање Комисија за урбанизам, бр. 08-178/4 од 24.10.2018 година.
- Решение за изменување на Решението за формирање Комисија за урбанизам, бр. 08-2798/1 од 15.08.2019 година.
- Планска програма, изработена од Јавно претпријатие за просторни и урбанистички планови под бр. 08-1112/2 од 08.10.2018 година.
- Предлог за одобрување на планска програма, од Комисија за урбанизам на општина Прилеп со број 10-1940/3 од 22.11.2018 година.
- Решение од градоначалник за одобрување на Планска програма со број 10-1940/4 од 22.11.2018 година.
- Потврда за заверка на планска програма број 10-1940/2 од 22.11.2018 година.
- Одлука за неспроведување на стратегиска оцена за влијание врз животната средина, бр. 08-4427/1 од 14.12.2018 година, донесена од градоначалник.
- Известување за прифаќање на одлуката за неспроведување на стратегиска оцена за влијание врз животната средина, од Министерство за животна средина и просторно планирање, бр. УП1-15-1711/2018 од 26.12.2019 година.
- Заштитно конзерваторските основи од НУ Завод за заштита на споменициte на културата и Музеј-Прилеп, 10-95/5 од 28.02.2019 година.
- Решение за одобрување на Заштитно конзерваторските основи од Министерство за култура-Управа за заштита на културно наследство, бр. УП 17-118 од 12.03.2019 година.

- Стручно мислење, од Комисија за урбанизам на општина Прилеп со број 10-2303/5 од 19.04.2019 година.
- Одлука за организирање јавна презентација и јавна анкета со број 08-1487/1 од 30.04.2019 година.
- Соопштение за организирање јавна анкета и јавна презентација со број 03-1487/2 од 30.04.2019 година.
- Решение за формирање Комисија за спроведување на јавна анкета и јавна презентација, бр. 08-1487/3 од 30.04.2019 година.
- Записник од спроведена јавна анкета и јавна презентација, број 10-2303/9 од 29.05.2019 година.
- Извештај за прифатени и неприфатени забелешки од спроведена јавна анкета и јавна презентација број 10-2303/8 од 29.05.2019 година.
- Конечен Предлог - Детален урбанистички план за четврт 3, блок 3.13, општина Прилеп, со плански период 2019-2024, со површина на опфатот (7,188ха), изработен од Јавно претпријатие за просторни и урбанистички планови (ЈП за ПУП) - Прилеп со технички број 045/18 од јануари 2020 година.
- Извештај за извршена стручна ревизија од дооел Перкан Проект – Прилеп, со архивски број 111/19 од март 2020 година.
- Мислење за утврдена состојба од Агенција за катастар на недвижности со бр. 0939-2383/2 од 27.02.2020 година.
- Известување од Министерство за култура, Управа за заштита на културно наследство, број 17-1934/2 од 13.05.2019 година.
- Мислење од Министерство за култура, Управа за заштита на културно наследство, број 17-1934/4 од 10.06.2019 година.
- Известување од Министерство за култура, Управа за заштита на културно наследство, број 17-1934/6 од 05.07.2019 година.
- Мислење од Министерство за култура, Управа за заштита на културно наследство, број 17-1934/8 од 22.07.2019 година.
- Мислење од Министерство за култура, Управа за заштита на културно наследство, број 17-1934/10 од 01.08.2019 година.
- Мислење од Министерство за култура, Управа за заштита на културно наследство, број 17-804/4 од 02.03.2020 година.
- Согласност од Дирекција за заштита и спасување - ПО Прилеп, бр. 09-75/2 од 15.03.2019 година.
- Мислење од Македонски Телеком АД Скопје, бр. 07-94934/1 од 05.02.2020 година.

**СОДРЖИНА**

**1 Општ дел**
1.1 Насловна страна
1.2 Содржина
1.3 Регистрација од Централен Регистар на РМ
1.4 Лиценца на правното лице
1.5 Решение за назначување на одговорни планери
1.6 Копии од овластувањата на планерите
1.7 Измена на програма за донесување на урбанистички планови на територијата на Општина Прилеп за 2018г.
1.8 Прилози на документационата основа, податоци и информации од субјектите кои ги вршат работите од областа на заштита на животната средина, заштита на културното наследство, заштитата и спасувањето, здравствената заштита, образованието, земјоделието, водостопанството, транспортот и врските, воздухопловството, безбедноста, јавните патишта, како и субјектите надлежни за изградба и одржување на сообраќајна, водоводна, канализациона, електроенергетска, телекомуникациска, топловодна и гасоводна инфраструктура.
1.9 Одговор на барање податоци бр. 03-223/1 со архивски број 09-152/2 од 27.02.2019 год, издадено од Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Прилеп.
1.9.1.1 Одговор на барање на податоци со архивски број 03-12/24-1 од 01.02.2019 год, издадено од Јавно комунално претријатие водовод и канализација - Прилеп.
1.9.1.2 Потврда за подземни и надземни инсталации на дистрибутивната мрежа и објекти бр.14-1235/2 од 06.09.2018 год, издадено од ЕВН Македонија АД Скопје, КЕЦ – Прилеп.
1.9.1.3 Податоци за постојни ТК инсталации со архивски бр.566970/1 од 04.09.2018 год, издадено од Македоски Текелом - АД Скопје.
1.9.1.4 Информација од ЛС Прилеп, сектор за урбанизам со бр. 10-2302/3 од 17.12.2018 год.

**2. Документациона основа**
2.1 Текстуален дел
2.1.1 Географско и геодетско одредување на подрачјето на планскиот опфат
2.1.2 Историјат на планирањето и уредувањето на планскиот опфат
2.1.3 Податоци за природни чинители и вредности во планскиот опфат и неговата околина
2.1.3.1 Географска положба
2.1.3.2 Сеизмика на просторот
2.1.3.3 Клима

2.1.3.4 Податоци за создадени вредности и чинители
2.1.3.5 Културно наследство
2.1.3.6 Инвентаризација на изградениот градежен фонд и на вкупната физичка супраструктура
2.1.5.2 Површина на опфатот - нумерички показатели Нумерички показатели на ниво на катастарски парцели
2.1.5.3 Преглед на објекти по конструктивен систем
2.1.5.4 Преглед на објекти по спратност
2.1.5.5 Инвентаризација на постојни споменички целини, градби од културно-историско значење и културни предели
2.1.5.6 Инвентаризација и снимање на изградена комунална инфраструктура
2.1.7.1 Улична мрежа – сообраќај
2.1.7.2 Хидротехничка инфраструктура Водовод Фекална канализација Атмосферска канализација
2.1.7.3 Електроенергетска мрежа Телекомуникациска мрежа – ПТТ
2.1.8 Инвентаризација на бесправно изградени објекти
2.1.9 Анализа на степен на реализација на важечкиот урбанистички план
2.1.10 Анализа на можностите за просторен развој
2.1.11 Други подтоци и информации од субјектите од член 32 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, релевантни за постојната состојба на подрачјето во планскиот опфат

**2.2. Графички прилози**

1.Извод од измена и дополнување на ГУП на Прилеп, донесен со одлука бр.25-2888/5 од 28.12.2015г.
2.Извод од важечки ДУП за УЕ 9/1, кварт 1 и кварт 2, донесен со одлука бр.07-237/5 од 15.02.2005 год.
3.Извод од важечки соседен ДУП за УЕ 9/2, кварт 1 и кварт 2, донесен со одлука бр.07-1100 од 01.06.2006 год.
4.Извод од важечки соседен ДУП за УЕ 9/2, кварт 1 и кварт 2, донесен со одлука бр.07-1100 од 01.06.2006 год.
5.Извод од важечки соседен ДУП за УЕ 9/2, кварт 1 и кварт 2, донесен со одлука бр.07-1100 од 01.06.2006 год.
6. Ажурирана геодетска подлога М=1:1000, лист бр. 4
7. Документациона основа (инвентаризација на изградениот градежен фонд, вкупната физичка супраструктура, на земјиштето и зеленилото во планскиот опфат) М=1:1000, лист бр. 5
8. Документациона основа (инвентаризација на изградената комунална инфраструктура) М=1:1000, лист бр. 6

**3. Планска документација**

**3.1 Текстуален дел**

3.1.1 Вовед
3.1.2 Географска и геодетска местоположба на планскиот опфат
3.1.3 Текстуални одредби на план од повисоко ниво
3.1.4 Планска програма
3.1.5 Опис и образложение на планскиот концепт на просторниот развој
3.1.5.1 Систем на групи на класи на намени
3.1.5.2 Класа на намени
3.1.5.2.1 . Класа на намена А1
3.1.5.2.2. Класа на намена А2
3.1.5.2.3 . Класа на намена Б1 - таксативно наведена алтернативна класа на намена
3.1.5.2.4. Класа на намена Б2 - таксативно наведена алтернативна класа на намена
3.1.5.2.5. Класа на намена Б3
3.1.5.2.6. Класа на намена Б4
3.1.5.2.7 Класа на намена В3
3.1.5.2.8. Класа на намена В4
3.1.5.2.9. Класа на намена В5
3.1.5.2.10. Класа на намена Е2
3.1.5.3 Густина на населеност
3.1.5.4 Парцелација и регулација
3.1.5.5 Урбано зеленило и озеленетост
3.1.6 Планско решение на комунална инфраструктура
3.1.6.1 Планско решение на сообраќајна инфраструктура
3.1.6.2 Хидротехничка инфраструктура
3.1.6.2.1 Водовод
3.1.6.2.2 Фекална канализација
3.1.6.2.3 Атмосферска канализација
3.1.6.2.4 Хидрантска мрежа
3.1.6.3 Електроенергетика
3.1.6.3.1 Улично осветлување
3.1.7 Телекомуникациска мрежа
3.1.12.1 Мобилна телефонија
3.1.8. Мерки за заштита
3.1.8.1 Мерки за заштита и спасување
3.1.8.2 Мерки за заштита и спасување од пожар
3.1.8.2.1 Хидрантска мрежа
3.1.8.3 Мерки за заштита на животната средина
3.1.8.4 Мерки за заштита на природата
3.1.8.5 Мерки за спречување на бариери за лицата со инвалидност и друго
3.1.8.6 Мерки за заштита на културното наследство, конз. основи
3.1.9 Општи услови за изградба, развој и користење на градежното земјиште на планот
3.1.10 Други општи услови

3.1.11 Посебни услови за изградба,развој и користење на градежното земјиште на планот
Група на класа на намена А - Домување (согласно ГУП)
Основна класа на намена А1 - Домување во станбени куќи (согласно ГУП)
Основна класа на намена А2 - Домување во станбени згради (согласно ГУП)
Основна класа на намена Б1 - мали комерцијални и деловни намени (согласно ГУП)
Основна класа на намена Б2 - големи трговски единици (согласно ГУП)
Основна класа на намена В3 - култура (согласно ГУП)
Основна класа на намена Е2 - комунална супструктура (трафостаници до 20 КВ)
Основна класа на намена Е2 - комунална супструктура (катни гаражи)
Основна класа на намена Е2 - комунална супструктура (подземни контејнери)
Основна класа на намена А1 - домување во станбени куќи
Основна класа на намена Б1 - мали комерцијални и деловни единици
Основна класа на намена Б4 - деловни простори
Основна класа на намена В4 - државни институции
Основна класа на намена В5 - верски институции
3.1.12. Посебни мерки - Заштитно конзерваторски основи
3.1.12.2 Спроведување на основите
3.1.13. Други посебни услови за градење
3.1.13.1. Посебни услови за градба од доменот на водоснабдување и одведување на отпадните води
3.1.13.2. Посебни услови за градба од доменот на електро - снабдувањето, јавното осветлување и електронски комуникации
3.1.13.3. Посебни услови за градба од доменот на сообраќајна инфраструктура

**3.2. Нумерички дел**

3.2.1. Нумерички показатели на ниво на плански опфат
3.2.2. Нумерички показатели на ниво на градежни парцели
3.2.3. Билансни показатели

**3.3. Графички дел**

3.3.1. План на намена на земјиштето и градбите М=1:1000,лист бр. 1
3.3.2. Регулационен план М=1:1000,лист бр. 2
3.3.3. План на површини за градење М=1:1000,лист бр. 3
3.3.4. Сообраќаен план со нивелациски план М=1:1000,лист бр. 4
3.3.5. Инфраструктурен план М=1:1000,лист бр. 5
3.3.6. План на зеленило М=1:1000,лист бр. 6
3.3.7. Заштитно конзерваторски основи М=1:1000,лист бр. 7
3.3.8. Синтезен план М=1:1000,лист бр. 8

член 3

Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за четврт 3,блок 3.13,Општина Прилеп, плански период 2019-2024 изработен од Јавно претпријатие за просторни и урбанистички планови (ЈП за ПУП) – Прилеп со технички број 045/18 од јануари 2020 година, задолжително се прикачува во електронска форма во информацискиот систем е-урбанизам.

член 4

Составен дел на оваа Одлука е Извештајот од јавната презентација и јавната анкета, со образложение за прифатените и неприфатените забелешки, изработен од стручна комисија формирана од Градоначалникот на Општината.

член 5

Планот ќе го спроведува надлежниот орган на Општина Прилеп.

член 6

Донесениот Детален урбанистички план за четврт 3, блок 3.13, Општина Прилеп, плански период 2019-2024 изработен од Јавно претпријатие за просторни и урбанистички планови (ЈП за ПУП) – Прилеп со технички број 045/18 од јануари 2020 година , во електронска форма се објавува на веб страната на Општина Прилеп.

член 7

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Прилеп“.

| | |
|---|---|
| Број 09-1194/4 | ПРЕТСЕДАТЕЛ |
| 14.05.2020 година | на Совет на Општина Прилеп |
| П р и л е п | м-р Миле Талевски |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп (“Службен гласник на Општина Прилеп” бр.6/2003, 4/2005 и 11/2008) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ПРИЛЕП ЗА 2020 ГОДИНА**

1.Програмата за измена и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Прилеп за 2020 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

| | |
|---|---|
| Број 08-1196/4 | ГРАДОНАЧАЛНИК |
| 14.05.2020 година | на Општина Прилеп |
| П р и л е п | Илија Јованоски |

Врз основа на член 20, од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16,163/16,64/18 И 168/18), член 22, став 1, точка 1 и член 36 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 5/02) и член 26 од Статутот на Општина Прилеп (Службен гласник на Општина Прилеп бр. 4/05 и 10/08), Советот на општина Прилеп на седницата одржана на ден 14.05.2020 година, донесе:

**П Р О Г Р А М А**
за измена и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Прилеп за 2020 г

**1. Вовед**
Годишната програма за изработка на урбанистичките планови на Општина Прилеп за 2020 година која што опфаќа изработка и донесување на урбанистички планови, урбанистичко-планска документација и урбанистичко-проектна документација, претставува основа за уредување и опремување на градежното земјиште.
Планирањето исто така е и основа за создавање на единствена реална функционална целина преку кое ќе се овозможи отворање на нови локации за :

- А Домување во станбени куќи и станбени згради
- Б Комерцијални и деловни намени
- В Јавни институции
- Г Производство, дистрибуција и сервиси
- Д Зеленило и рекреација
- Е Инфраструктура

Планирањето се овозможува преку:

- Изработка на нов ГУП или измена и дополнување на постоечкиот
- Изработка на нови ДУП-ови или измена и дополнување на постоечкте
- Урбанистички планови за село
- Урбанистички планови вон населено место
- Локални урбанистички плански документации
- Архитектонско урбанистички проекти
- Проекти за инфраструктура

**2. Планирани активности**

**Урбанистичко планирање**

**I. Регулациски планови**
**II. Детални урбанистички планови**
**III. Урбанистички планови за село**
**IV. Урбанистичко планска и проектна документација**

**II. ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ**

После точка 24, се додава една (1) нова точка, точка 25

| | | | |
|---|---|---|---|
| 25 | ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА БЛОК 4.2.7, ФОРМИРАН СО РЕГУЛАЦИСКИ ПЛАН ЗА ГУП НА ГРАД ПРИЛЕП ЗА ЧЕТВРТ 4, БЛОК 4.2, ОПШТИНА ПРИЛЕП | 6,6649 ха | Финансирано од физички и правни лица |

При изработка на ДУП за Четврт за граница на плански опфат да се земе границата на еден или повеќе блокови за детално планирање дефинирани во генералниот урбанистички план.

При измена и дополнување на ДУП се дозволува одредување на плански опфат чии граници се осовини на речни корита и улици од примарната или секундарната улична мрежа, кои се веќе дефинирани со постојна планска документација.

**IV. УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА И ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА**

**ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА**
После точка 16, се додаваат шест (6) нови точки, точка 17,18,19,20,21 и 22

| | | |
|---|---|---|
| 17 | Проект за инфраструктура за линиска инфраструктурна градба: Нов 0.4 kV надземен вод низ КП бр.2118/1 (КО Селце) – Општина Прилеп | Финансирано од правни и физички лица |
| 18 | Проект за Инфраструктура за линиска инфраструктурна градба: Нов 0.4 kV надземен вод низ КП бр.4839 (КО Прилеп) – Општина Прилеп | Финансирано од правни и физички лица |
| 19 | Проект за Инфраструктура за линиска инфраструктурна градба: Изградба на нисконапонска кабелска мрежа низ КП бр.4785, бр.6090, бр.4784/1, бр.6097/1 и бр.6088/1 и поставување на мерни и разводни ормари на КП бр.6088/1; КО Варош – Општина Прилеп | Финансирано од правни и физички лица |
| 20 | Проект за инфраструктура за 10(20) kV кабелска врска помеѓу раставувач 10(20)kV на постоен вод на КП 2760 КО Мало Коњари и ТС 10(20)/0.4kV на КП 2893 КО Варош Општина Прилеп | Финансирано од правни и физички лица |
| 21 | Проект за инфарструктура за пристапен пат од локален пат Л600195537 (стар пат Прилеп - Скопје) до концесија за експлоатација за минерална суровина - мермер на локалитетот с. Беловодица КО Беловодица - дел Општина Прилеп | Финансирано од правни и физички лица |
| 22 | Проект за инфраструктура за изградба на улица „Кеј 1-ви Мај“ Прилеп | |

**АРХИТЕКТОНСКО УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ:**
После точка 7, се додава три (3) нова точка, точка 8,9 и 10

| | | |
|---|---|---|
| 8 | АУП ЗА КОМПЛЕКС ЗА ГРУПНО ДОМУВАЊЕ, СМЕСТУВАЊЕ И ПРЕСТОЈ НА СТАРИ ЛИЦА – А3 ВО МЕСНОСТ ТРСКА НА КП 1045, 1046 И 1047 ВО КО БЕРОВЦИ, ОПШТИНА ПРИЛЕП | Финансирано од правни и физички лица |
| 9 | АУПза формирање на две градежни парцели ГП бр.1.1 и ГП бр.1.2 од постојна ГП бр.1 на кп 179/1 и кп 179/8 во КО Беровци - о. Прилеп | Финансирано од правни и физички лица |
| 10 | АУП за формирање на две градежни парцели од ГП 10.3.2. во ДУП за четврт 10, блок 10.3, КО Прилеп, Општина Прилеп | Финансирано од правни и физички лица |

**ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА**

После точка 4, се додаваат две (2) нови точки, точка 5 и 6

| | | |
|---|---|---|
| 5 | ЛУПД за изградба на Г2-лесна индустрија на КП 233/8, КО Старо Лагово, Општина Прилеп | Финансирано од правни и физички лица |
| 6 | ЛУПД За ПОЛИГОН ЗА ОБУКА НА ВОЗАЧИ - Е2 на К.П. 201 К.О. НОВО ЛАГОВО - ОПШТИНА | Финансирано од правни и физички лица |

**3. Финансирање**

За финансирање на Урбанистичките планови за село, наведени во Програмата за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Прилеп за 2020 година, се обезбедени средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој преку Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој , во согласност со законот.

За финансирање на останатите урбанистичките планови од програмата ќе се обезбедат средства од Буџетот на Општина Прилеп за 2020 година и од страна на заинтересирани правни и физички лица чиишто програмски барања и подрачја на интерес се прифатливи за општината.

**4. Завршни одредби**

Во текот на годината во зависност од потребите , програмата може да претрпи измени и дополнувања.

Врз основа на годишната програма за изработка на урбанистичките планови, Општината како нарачател на планот склучува договор за изработка на планови согласно Законот, со правни лица кои имаат овластување и лиценци за изработка на урбанистичките планови.

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Прилеп,,

Број 09-1194/5
14.05.2020 година
П р и л е п

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Прилеп
м-р Миле Талевски

***СОДРЖИНА***
***на Службен гласник на Општина Прилеп број 7 од 14.05.2020 година***

1.Одлука за измена на распоредот на средства на Буџетот на Општина Прилеп за 2020 година…………………………………………………………………………………………………………..*стр.2*

2.Одлука за прифаќање на донација на противпожарно возило и придружна опрема на Општина Прилеп и давање на трајно користење на Територијална противпожарна единица Прилеп........................................................................*стр.4*

3.Одлука за донесување на детален урбанистички план за четврт 3, блок 3.13, Општина Прилеп плански период 2019-2024 година.................................................*стр.5*

4.Програма за измена и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Прилеп за 2020 година...........................................................................................................*стр.9*

ИЗДАВА : Општина Прилеп
ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК: Илија Јованоски -Градоначалник на Општина Прилеп
ДИЗАЈН И КОМПЈУТЕРСКА ОБРАБОТКА: Горица Чатлеска
ПЕЧАТИ: Одделение за правни и општи работи. Тираж: 50 примероци